

Во корелација со Светски здруженија за заштита на животните, повод  Светската седмица против носење природно крзно,  „Анима Мунди„ заедно со  „Асоцијација на активисти за заштита на правата на животните„  организира информативен и протестен Собир – перформанс против крзнената  индустрија – како производството, така и купувањето на истото.

Сакаме  да допреме до македонските граѓани и информираме за една од  најбруталните индустрии на измачување и искористување на животните,  влијаеме на граѓаните совесно да одлучуваат што ќе облечат и каква  индустрија ќе финансираат.

Нашата  намера е да придонесеме  за подобро информирање на граѓаните и посочиме хумани алтернативи, наместо крзно/кожа на животни кои ради своето крзно  биле дословно масакрирани.